# II тема: Книжевност

## II.3 Драма

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 1. Каков книжевен род е драмата?

- Зборот „драма“ потекнува од старогрчката именка drama (стгрч. δρᾶμα) што значи дејство, чин, односно одигрување на некаков настан.
- Драмата е најсложениот книжевен род што се развил во античката книжевност по лириката и епиката. Во драмскиот текст се среќаваат епски и лирски елементи, додека на сцена при изведба на драмскиот текст била застапена музичката и танцовата уметност.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Потекло на драмата. Од религиозни убедувања до уметност.



- Од уметничките книжевни родови единствено драмата е чист изум на старите Хелени што настанал под влијание на култот кон богот Дионис, тракиско божество на виното, веселбата и гроздоберот.
- Во негова чест Хелените ги граделе античките театри кои биле своевиден храм посветен на ова божество, но и простор за изведување на драмските претстави. Првично, во театрите постоел жртвеник на кој се принесувала животинска жртва пред почетокот на претставата.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Изглед на античкиот театар во Хелада





Дионис свири на лира, а
околу него танцуваат
сатирите, шумски суштества
кои носат тропала и
разгранок од виновата лоза

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 3. Особености на драмата. Видови на драмски текст.

- Дејството во драмата го водат драмските лица и хорот.
- **Драмските актери** на сцена во театар ги оживуваат драмските лица од текстот и водат меѓусебен дијалог или монолог. Дијалогот е разговор помеѓу два драмски актери, а монологот е „самоговор“, односно дел од драмата кога актерот зборува самиот со себе.
- **Хорот** во состав од група мажи повремено навлегувал во орхестрата, полукружниот дел од театарот и пеел лирски песни во кои ги опејувал настаните од драмскиот текст. Хорот понекогаш и разговарал со актерот на сцена.
- Драмскиот текст бил стихуван и се изведувал *пеејќи*, затоа што драмата е уметнички книжевен род.

КОМЕДИЈА





ТРАГЕДИЈА

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 4. Прочуени антички драматичари



АРИСТОФАН


АЈСХИЛ

Хеленски трагедиографи
**Софокле, Ајсхил и Еврипид**
Хеленски комедиографи
**Аристофан и Менандар**


СОФОКЛЕ


ЕВРИПИД

Римски комедиографи
**Плаут** и **Теренциј**



ПЛАУТ

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме...

- Од каде води потекло зборот „драма“ и што означува?
- Зборот води потекло од старогрчката именка *drama* (δρᾶμα) и означува *дејство*, *чин* или *одигрување на некаков настан*.

- Со кои видови на уметност била придружена драмата кога се изведувала на сцена?
- Со музичка и танцова уметност.

- Под влијание на чиј култ настанала драмата во Хелада?
- Под влијание на култот на богот Дионис.

- Кој бил Дионис? Објасни.
- Тракиски бог на виноно, веселбата и гроздоберот. Хелените го присвоиле божеството во нивната митологија.

- Што граделе Хелените во чест на богот Дионис?
- Граделе театри кои биле своевиден храм на ова божество.

- Кој го води дејството во драмскиот текст?
- Драмските лица и хорот.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме...

- Што претставува дијалогот, а што монологот во драмскиот текст?
- Дијалогот претставува разговор помеѓу два драмски лика, а монолог „самоговор“ на еден лик во драмскиот текст.

- Какво учество заземал хорот на сцена?
- Хорот танцувал и пеел песни поврзани со дејството на драмата.

- Како се изведувал драмскиот текст?
- Низ песна, затоа што бил стихуван за разлика од современите драми денес.

- Кои два драмски вида се развиле во драмата од антиката?
- Комедија и трагедија.

- Какви настани се одигрувале во трагедиите, а какви во комедиите? Размисли.
- Во трагедиите се одигрувале трагични (тажни), а во комедиите комични (смешни).

- Кои се прочуените хеленски трагичари?
- Ајсхил, Софокле и Еврипид.

- Кои се прочуените хеленски комичари?
- Аристофан и Менандар.

- Кои се прочуените римски комичари?
- Плаут и Терентиј.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# ДОМАШНА ЗАДАЧА:
# Селфи-фотографија со маски на трагедијата и комедијата

- На тенок картон нацртај ги театарските маски на трагедијата и комедијата во димензии на твоето лице;
- Маската на трагедијата (Мелпомена) обој ја во темна боја, а маската на комедијата (Талија) во светла боја;
- Направи два отвора на кои ќе протнеш платнени врчки или ластик за да може да ја носиш на лице;
- Направи селфи-фотографии, по една со секоја маска, и прикачи ги во твојата папка во MS Тимс;
- Облеката која ја носиш да биде во тон соодветен на маската, а позадината да биде неутрална (без украси, без шарена позадина, најдобро покрај ѕид).



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND